Врз основа на член 11 од Законот за бесплатна правна помош ("Службен весник на РСМ" бр.101/19 од22.05.2019г.) и Правилникот за начинот на распишување и спроведување на јавниот конкурс за доделување на финансиски средства за давање на примарна правна помош од страна на овластени здруженија и правни клиники ("Службен весник на РСМ" бр.199/19 од 30.09.2019г)комисијата при министерството за правда објавува

# ЈАВЕН КОНКУРС
## за доделување на финансиски средства за поддршка при давање на примарна правна помош од страна на овластени здруженија и правни клиники

Финансиски средства предвидени за поддршка при давање на примарна правна помош од страна на овластени здруженија и правни клиники во вкупен износ од 1.000.000,00 денари се предвидени во Буџетот на Министерството за правда за 2021година од сметката 463 -Трансфери до невладини организации.

**1. Предмет на јавниот конкурс**

Предмет на јавниот конкурс е доделување на финансиски средства со цел обезбедување на финансиска поддршка на овластени здруженија и правни клиники при давањето на примарна правна помош согласно Законот за бесплатна правна помош.

**2. Цел и Приоритети на јавниот конкурс**

Целта на Јавниот конкурс е обезбедување на еднаков пристап до правдата на сите граѓани преку давање на бесплатна примарна правна помош согласно Законот за бесплатна правна помош.

2.1 Приоритети на јавниот конкурс

Приоритетите на јавниот конкурс се насочени кон обезбедување на рамноправна распостранетост при давањето бесплатна примарна правна помош во сите плански региони на Република Северна Македонија при обезбедувањето на примарна правна помош согласно Законот за бесплатна правна помош на кој начин ќе се олесни пристапот до правдата на сите граѓани.

**3. Вид на проекти кои ќе бидат поддржани:**

Проектите треба да бидат насочени кон давањето на примарна правна помош која опфаќа превземање на дејствија согласно член 6 од Законот за Бесплатна правно помош, а со цел а му се помогне на лицето кое е заинтерсирано при остварување на најсоодветната за правна заштита.

**4.Времетраење на проектот и висина на доделените финансиски средства**

4.1 Временскиот период во кој ќе врши имплементацијата на одобрените проекти треба да биде заклучно со 30.11.2021г.

4.2 Вкупениот износ на финасиски средства предвидени за спроведување на јавниот конкурс изнесува 1.000.000,00 денари.
Буџетот на еден проект не смее да надмине вкупен износ од 200.000,00 денари со вклучени даночни обврски и друг јавни давачки

**5. Критериум за проценка на квалитетот на проектите при доделување на финансиски средства се:**

| | Критериуми | Максимум бодови |
|---|---|---|
| 1 | општествената корист од предложениот проект за давање примарна правна помош преку јасни и остварливи цели и резултати | 20 |
| 2 | проценка на усогласеноста на проектните цели, кои се состојат во олеснување на пристапот до правда, со приоритетите утврдени во јавниот конкурс како и начинот на кој што обезбедената примарна правна помош ќе овозможи остварување на правата на оние за кои е наменета | 20 |
| 3 | искуството во обезбедувањето на примарна правна помош на здружени односно правната клиника. | 20 |

| | | |
|---|---|---|
| | како и на лицата кои ќе ја обезбедуваат | |
| 4 | подрачјето на кое ќе се дава примарна правна помош со цел рамном регионална достапност | 30 |
| 5 | јасно дефинираните цели, активности и целни групи | 20 |
| 6 | оправданост и висина на предвидените трошоци за обезбедување на бесплатната правна помош | 30 |
| 7 | Вкупно | 120 |

**Напомена:** Најдобрите пет бодирани проекти ќе бидат поддржани со доделување на финансиските средства наменети за поддршка при реализацијата на предложените проектни активности, а по склучување на договор со кој ќе се уредат меѓусебните права и обврски.

Висината на финансиските средства одобрени за еден проект не смее да надмине износ од 200.000,00денари со вклучени даночни обврски и друг јавни давачки.

Вкупниот износ на одобрени финансиски средства за обезбедување на финансиска поддршка при давање на примарна правна помош од страна на овластени здруженија и правни клиники за 2021г. не смее да биде повисока од предвидените средства во буџетот на министерството за правда односно да биде над 1.000.000,00 денари.

**6. Рокови за спроведување на постапката**

Јавниот конкурс трае 30 дена од денот на објавувањето на ВЕБ страната на министерството за правда кој наведен во објавувањето.

Заинтересираните здруженија и правни клиники пријавите ги доставуваат преку архивата на Министерството за правда на адреса „ Димитрие Чуповски бр.9 Скопје, во затворен плик, со назнака за „ Пријава за јавен конкурс за доделување на финансиски средства за давање на примарна правна помош од страна на овластени здруженија и правни клиники за обезбедување на примарна правна помош согласно Законот за бесплатна правна помош.

Комисијата формирана за спроведување на јавниот конкурс во рок од 30 дена по истекот на рокот за поднесување на пријавите изготвува и доставува мислење до министерот за правда во кое е наведена ранг- листата на сите прифатливи пријави.

Министерот за правда по добивање на мислењето донесува решение за доделување на средствата согласно освоените бодови предвидени во јавниот конкурс.

Против решението на министерот дозволено е поведување на управен спор пред надлежен суд. Во рок од 30 дена од денот на правосилноста на Решението министерот за правда склучува договор со здруженијата односно правните факултети со кој се уредуваат меѓусебните права и обврски.

**7. Потребна документација**

Заинтересираните здруженија и правни клиники кои учествуваат на јавниот конкурс во предвидениот рок треба да достават:

- пополнетата пријава на овластеното здружение, односно правната клиника согласно образецот даден во правилникот во Службен весник број 199/19; Прилог број 1
- Предлог-буџет во кој јасно се дефинирани буџетските линии и средствата потребни за имплементација на проектните активности;
- Годишен извештај за работата на здружението/правната клиника од претходната година;
- Портфолио за спроведени активности од бесплатна правна помош;
- Кратка биографија за правникот вработен, односно ангажиран да ја обезбедува примарната правна помош/менторот – раководителот на правната клиника;
- Изјава за партнерство (незадолжително, само доколку има партнери запишани во регистарот согласно Законот за бесплатна правна помош;
- Изјава за непостоење на двојно финансирање на исти проектни активности предвидени во овој јавен конкурс;

**8. Видови оправдани трошоци предвидени во проектот**

- Плата за вработен/ангжиран правник во висина на просечна бруто плата во Република Северна Македонија за претходната година за лицето кое ја обезбедува примарната правна помош или хонорар за ангажиран кооридинатор /ментор на правната клиника;

- Трошоци за закупнина и комуналии кои не смеат да бидат повеќе од 20% од вкупно предложениот проект буџет и само во случај доколку истите не се обезбедни од страна на министерството за правда или локалната самоуправа;

- Патни трошоци за посета или придружба на корисниците на примарна бесплатна правна помош не кои не смеаат да изнесуваат повеќе од 20% од вкупно преложениот буџет;

- и трошоци за канцелариски материјал и административни трошоци потребни за имплементација на предложените проект активности;

**Напомена:**

Ќе бидат разгледани само комплетните и навремени поднесени пријави од страна на овластени здруженија и правни клиники за обезбедување на примарна правна помош согласно Законот за бесплатна правна помош.

Овластените здруженија и правни клиники не можат да поднесат повеќе од една пријава за одобрување на финасиски средства согласно јавниот конкурс.

Доставените прилози не се враќаат.

Обрасците за поднесување на пријавата се достапни на веб страната на министерстовото за правда www.pravda.gov.mk

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА